# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.129 од 31.07.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр.112/2014), во членот 43 ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член."

**Член 2**

Во членот 44 во ставот (1) зборовите „2000 до" се бришат.
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член."

**Член 3**

Во членот 45 став (1), зборовите „1500 до" се бришат, а зборовите „правно лице исплатувач" се заменуваат со зборовите „правно лице и трговец поединец исплатувач".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице и трговец поединец – исплатувач на приходи, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице и на одговорното лице во трговец поединец за прекршоците од став (1) на овој член."
По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Глоба во износ од 250 до 375 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - исплатувач за прекршокот од ставот (1) на овој член."

**Член 4**

Во членот 46 став (1), зборовите „1000 до" се бришат.
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од став (1) на овој член."

**Член 5**

По членот 46, се додава нов член 46-а кој гласи:

**„Член 46-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците."

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија".